# Кој си игра со оган

**Африм Гаши**

***Владата на Груевски и нивните десни идеолози се чини ја креираа идејата за поврзување на денешните Македонци со тие од античко време. Зошто се прави дисконтинуитет со словенските корени и се прави обид за поврзување со антиката?***

Доаѓањето на власт на Никола Груевски во 2006 година донесе значителни промени во нашето општество. Дали и колку се тоа позитивни или негативни, не е објектив на оваа анализа, но констатирањето дека значителни промени има е неопходно да се истакне заради развивање на тезата на овој аналитички пристап на ситуацијата во која се наоѓа Македонија. Сакам првенствено да ја дефинирам ситуацијата во која сега се наоѓа Република Македонија како многу сериозна и чувствителна. Имено, Македонија недвосмислено се наоѓа на многу важен крстопат - дали да продолжи право по патот што го трасиравме уште од почетокот на 90-тите години од минатиот век кога сите се согласивме и уште се согласуваме (барем за нешто се согласуваме) дека ќе се движиме кон ЕУ и кон НАТО или, пак, да скршнеме од тој пат и да свртиме по оваа „десна" надолница, која никој не знае каде ќе нè одведе.

Ако сите поранешни премиери и претседатели и сите други носители на најважните државни функции со сите свои слабости нè влечкаа низ процесот на транзиција, со сите негативности, големата невработеност, партизацијата на општеството, корупцијата, криминална приватизација на општествениот капитал и ред други слабости, сепак сите тие никогаш не скршнаа од патот ЕУ-НАТО. Груевски е првиот меѓу нив што застана на тој пат и е на размислување да оди по друг, иако сè уште не ни кажува кој е другиот пат.

Откако дојде на власт почна да наметнува една теза, која укажува на тоа дека Македонците се наследници на античка Македонија, од 2006 година, па сè до денес тоа е врвна тема на сите дебати, јавни и приватни. Со тоа придонесе и за радикализација на грчките ставови во однос на Македонија, факт што сите нè чинеше добивање во Букурешт тоа што на сите веќе ни е познато. Овој факт, оваа практика на владата на Груевски, и нивните десни идеолози, кои, се чини, ја креираа идејата за поврзување на денешните Македонци со тие од античко време, ме интригираше да го анализирам овој феномен. Го поставувам прашањето зошто беше ова неопходно? Кој добива од тоа? Зошто се прави дисконтинуитет со словенските корени и се прави обид да се поврзува со антиката?

Во колумна професорот Љ. Фрчкоски токму ова го тврди, цитирам: "Тие се обидуваат со една голема, во основа предавничка операција што Македонците ќе ги обезличи, дезориентира и, конечно, ќе ги направи жртви. Се обидуваат да го одземат словенскиот културен корен, да ги релативизираат словенските јазични, културни белези, митови и херои во историските борби. Тие низ кои културно сме опстоиле без држава и, конечно, со кои сме избориле држава. Кирил и Методиј, Климент и Наум, јазикот, Црквата, писмото стануваат пречка во новобрендираниот повик за наоѓање на античко-македонскиот директен корен на денешниве Македонци".

Мислам дека актуелната политика на владата води кон насоката што ја искажува професорот Фрчкоски, но се поставува прашањето дали тие се свесни за тоа затоа што противниците на оваа теза откако ги приложуваат своите аргументи на поставената тема, најчесто на крај се прашуваат: Дали овие знаат што прават? Мојата теза и целта на оваа анализа е токму тоа - јас тврдам дека оваа владина политика свесно се реши на овој чекор.

Кои се моите аргументи?

Мислам дека клучен момент претставува позицијата на бугарската политика кон македонското прашање. Впрочем, од осамостојувањето на Македонија, политиката на Бугарија на сите ни е позната, таа ја призна Македонија како држава, но не го признаваше македонскиот јазик и македонскиот народ како посебен, алудирајќи на тоа дека Македонците се артифицијална творба на Титова Југославија, и тој спор така бдееше сè до доаѓањето на власт на Љубчо Георгиевски, кога со помош на игра на зборови се изнајде формулација, со што се изнуди компромис, но сепак, тие никогаш не се дистанцираа од своите барања и тврдења, напротив, нивното инсистирање сè повеќе се интензивираше а се очекува да се радикализира со нивното членство во НАТО и во ЕУ. Токму словенските корени на македонската нација и нивната историја ќе бидат цел на атака на бугарската политика во иднина, тие, секако, нема да го оспоруваат словенскиот идентитет на Македонците, но ќе продолжат да тврдат дека тие корени се бугарски. Знаејќи го ова, јас тврдам дека идеолозите на сегашната ВМРО-ДПМНЕ ги радикализираа и иницираа артифицијалните моменти во спорот со Грција, креирајќи ја тезата за античкото потекло на сегашните Македонци. Со тоа, тие мислат дека многу потешко Грција ќе може да им ја оспори античката припадност, отколку што Бугарија ќе може да им го оспори словенското потекло.

Друг, многу важен аргумент на тезата е дека Македонија за влез во НАТО или во ЕУ ќе мора да се спротивстави или на Бугарскиот или на Грчкиот проблем, кои тие го поставуваат кон Македонија, па така ако се мора да се дојде до некој компромис со еден од нив, реално е да се очекува дека со Грција би било релативно полесен компромисот отколку со Бугарија. Во суштина, грчкото барање е Македонија да не се идентификува се античка Македонија со тоа што нема да се нарекува Македонија тука со некој додаток или придавка на нејзиното име би се направило дистинкција меѓу античката и новата Македонија (според Грција), факт што не ги загрозува суштински националните, јазичните и културните вредности на Македонците, додека ако се влезе во спор со Бугарија, јасно е дека нивните аспирации се многу поголеми и посуштински во однос на националната кауза на Македонците. Според оваа политика, би се решил проблемот со македонскиот идентитет, би се приклучиле кон евро-атлантските интеграции, би се избегнал „судирот" со Бугарија, а како цена за сето ова само би требало да се промени името на државата и тоа само за надворешна употреба. Идеолозите на оваа теза, креирајќи ја оваа политика мислеле дека на овој начин и би се направило едно поширока сплотување на македонскиот народ, би се подигнал дигнитетот и гордоста, би се направила трансформацијата од Македонче во Македонец. Оваа политика настојува и тежнее кон сплотување и зацврстување на идентитетот пред да се навлезе во интегративните процеси, што е спротивна на тезата на левицата, која инсистира на интеграција веднаш, а потоа низ тој пат да се засили идентитетот.

Не сакам да судам ни да заземам страна на изнесените тези, но мојот став во однос на нив е дека се многу чувствителни и емоционални. Мислам дека националниот и културен идентитет на еден народ се градат и негуваат низ долги временски периоди и процеси, тоа се теми за кои не би требало да решава една клика интелектуалци, кои за избегнување на моментните проблеми би се нафатиле да пропагираат теза и политика на друг, поинаков идентитет, културни и историски вредности на еден народ. Не можам да предвидам каде ќе нè носи оваа политика, но знам дека пропагирањето на оваа политика е соодветно на таа што ја практикуваат Грците и Бугарите кон Македонците. Имено, тие си дозволуваат да ви кажат каква нација сте, каков идентитет имате, каков јазик итн., што е спротивно на сите човекови права, кои се универзално прифатени, и низа други конвенции меѓународно усогласени и изгласани. Истото го прави и оваа политика - таа клика на идеолози на ВМРО-ДПМНЕ решила самата кој е вашиот македонски идентитет и сега троши државни и народни пари за да ве убедува во тоа.

Не навлегувајќи во тоа дали и колку се во право идеолозите на оваа теза, сепак мислам дека ова е игра со оган, а знаеме, нели, кој си игра со оган може и да изгори.

**Авторот е публицист**